Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

# Дивна Пешиќ
## Divna Pesic

# Смисла на стаклениот живот
# Sense of the Fragile Life



Мала станица / Mala stanica
октомври-october 2008

**Смисла на стаклениот живот**

Во најновиот циклус слики создадени од нашата ликовна уметница Дивна Пешиќ е опфатена темата за смислата на стаклениот живот, односно битието на животот, неговата кршливост, но воедно и неговата величественост.

Следејќи го екстатичниот порив на креативниот ликовен израз, авторката еруптивно нè воведува во чудесната ликовна игра на нејзината препознатлива ликовна поетика која плени со колоритните претставувања на нејзиниот сензибилитет.

Авторката го наслушнува пулсот на сновидението, опфатено со апстракции од потсвеста кои го вообликуваат нејзиниот имагинарен посакуван свет во кој владее „моќта на вистината“, свет во кој „копнежот за бесмртноста“ е заведен од „енергијата на животниот танц“.

Таа преку својот интимен приказ и симболиката на „стаклениот живот“ нè води низ играта на секојдневието, воедно преку колоритот повторно импресионира со своите океrasti, зелени тонови кои нè водат во длабочината на смислата на сетилата и нè претопува во платното како директни учесници.

Јасната енергија пренесена преку одлично вкомпонираната нота на боите на нејзините последни платна, овој пат претставени на ѕидовите на Мултимедијалниот центар „Мала станица“, укажува на една повисока зрелост на авторката, каде таа свесно ни ја дава пораката за смислата на секојдневниот живот, за неговите вредности, а воедно нè задолжува длабоко да размислиме дали треба конечно да дадеме свој придонес за малите убави нешта, за посветла иднина.

Верувам дека овој ликовен опус на нашата Дивна Пешиќ само ги отвора портите и ја започнува нејзината вдахновеност до постоечката смисла на животот. Топлиот колорит ни кажува за нејзината позитивна цел и мисија што таа си ја претставила пред себе, а и пред сите нас.

Значи, освен идејата и апстракцијата, со својот изненадувачки колорит нè доближува преку своите имагинарни форми до конкретноста, реалноста, им дава оригинална смисла на нештата, нè насочува да се вклопиме целосно во сфаќањето на нејзиниот позитивен сензибилитет.

Преку своите чувства и емоции, авторката на најчудесен начин со своите слики нè доближува до големо уметничко задоволство, најхрабро ја овековечува смислата на секојдневниот живот, со сите свои лоши и добри страни.

Национална галерија на Македонија
Маја Крстевска, директор

## Sense of the Fragile Life

The latest cycle of paintings created by our artist Divna Pesic covers the topic of the sense of fragile life, it actually brings us into the life being itself, its fragility, but at the same time its magnificence.

Following the ecstatic impulse of the creative art expression, in an eruptive way the author introduces us to the amazing art game of her recognizable art poetics, which enchants with colorful representations of her sensibility.

This author overhears the pulse of the ghost, embraced with abstractions from the subconscious which alter her desired imaginary world where the “Power of Truth” rules, a world in which the “Longing for Eternity” is seduced by the “Energy of the Life Dance”.

Through her intimate appearance and the symbolism of the “fragile life” she leads us through the game of the everyday life, and through the colorfulness she again impresses us with her ocherous, green shades that take us deep into the point of senses and assimilate us in the canvas as direct participants.

The clear energy conveyed through the well-composed tone of the colors of her latest canvases, this time presented on the walls of Multimedia center “Mala Stanica”, indicates to higher maturity of the author, where she consciously gives us the message for the meaning of everyday life, its values, and at the same time she entrusts us to think deeply if we should finally give our own contribution to the small beautiful things, for brighter future.

I believe that this art work of our Divna Pesic only opens the gates and offers her inspiration to the existing meaning of life. The warm colorfulness tells us about her positive goal and mission she has set to herself, and to all of us.

So, besides the idea and the abstraction, with her astonishing colorfulness and through her imaginary shapes the author brings us closer to concreteness, the reality, she gives us original sense of things, points us to fit in completely into understanding her positive sensibility.

Through her feelings and emotions, with her paintings, on the most amazing way, the author takes us closer to the big artistic satisfaction, she perpetuates the meaning of everyday life, with all its bad and good sides.

National Gallery of Macedonia
Director, Maja Krstevska



Корења на животот / Roots of Life, 2005
масло на платно / oil on canvas, 100x80



Искушение / Temptation, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Копнеж за бесмртност / Longing for Eternity, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Енергија на животниот танц /
Energy of the Life Dance, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Молејќи се во Ерусалим / Praying in Jerusalem, 2008
масло на платно / oil on canvas, 120x60



Предизвикувајќи ја реинкарнацијата на принцот / Challenging the Reincarnation of the Prince, 2008
масло на платно / oil on canvas, 120x70



Софистицирана помпезност на библиската земја / Sophisticated Pomposity of the Bible Country, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x110



Судбината на една осамена душа / Destiny of an Abandoned Soul, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x110



Солзи за мојот убав ангел / Tears for my Beautiful Angel, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x100



Преселба на душата / Transmigration of Soul, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x50



Пред кулите на тишината /
In Front of the Towers of Silence, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Борба за опстанок / Struggle for Existence, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Порака од неповрат / Irreversible Message, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Моќта на вистината /
The Power of Truth, 2008
масло на платно /
oil on canvas, 55x65



Шармот на цивилизациската манипулација /
The Charm of Civilization Manipulation, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Порив на нејасни емоции / Flow of Obscure Emotions, 2007 / масло на платно / oil on canvas, 50x70



Кочија на слободата / Chariot of Freedom, 2007
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Во прегратката на орелот /
In Embrace of the Eagle, 2007
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Осудена од погледот на љубоморатa и омразата /
Fated by the Look of Jealousy and Hate, 2007
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Достоинствена изолираност на гордоста /
Dignified Isolation of Pride, 2007
масло на платно / oil on canvas, 50x 40



Преродба / Rebirth, 2007
масло на платно / oil on canvas, 50x 30



Ерупција од неостварени желби / Eruption of Unrealized Desires, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x 40



Сон / Dream, 2008
масло на платно / oil on canvas, 80x100



Чекајќи те тебе / Waiting for You, 2006
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Возвишена елеганција / High Elegance, 2007
масло на платно / oil on canvas, 60x40



Во друштво на ангелот / In Angel’s Company, 2007
масло на платно / oil on canvas, 60x40



Плодови на добрината / Fruits of Grace, 2007
масло на платно / oil on canvas, 60x40



Восклик на желби / Whoop of Wishes, 2007
масло на платно / oil on canvas, 60x100



Вознемирувачко спокојство / Disturbing Calmness, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x100



Пеколен ритам на страста / Infernal Rhythm of Passion, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x100




Заводлива магија на забранетата љубов /
Seductive Magic of the Forbidden Love, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Иронична утеха / Ironic Consolation, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Персонификација на неподносливата индиферентност / Personification of the Unbearable Indifference, 2008
масло на платно / oil on canvas, 60x120

Презир кон совршената примитивност /
Despise of the Perfect Primitiveness, 2008
масло на платно / oil on canvas, 70x110





Време за будење / Time for Awakening, 2008
масло на платно / oil on canvas, 50x40



Живот во Мртвото Море /
Life in the Dead Sea, 2006
масло на платно / oil on canvas, 50x30



Зачеток во македонското море /
Genesis in the Macedonian Sea, 2008
масло на платно / oil on canvas, 100x70

Дивна Пешиќ е родена на 22.09.1979 во Кавадарци, Р. Македонија.
Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, а моментално студира последипломски студии на Економскиот факултет при ФОН - Прв приватен универзитет во Р. Македонија. Вработена е во Интернационал НИК АД - центар за дигитално архивирање и дистрибуција на информации како раководител на сектор за деловни односи.
Ангажирана е и како PR во машкиот кошаркарски клуб „Фени индустри“ од Кавадарци, кој ги освои шампионската титула и Купот на Македонија за 2008.
Дивна Пешиќ е професионален спортист и веќе дваесет години се занимава со стрелаштво. Таа е балкански шампион и најдобар стрелец со малокалибарска и воздушна пушка во Р. Македонија со 36 државни рекорди во женска и машка конкуренција. Два пати учествувала на Олимписките игри, Сиднеј, Австралија (2000 год.) и Атина, Грција (2004 год.) и има постигнато врвни резултати на европските и светските натпреварувања.
Со сликарство, техника масло на платно, започнала од 13-годишна возраст и досега има реализирано повеќе изложби во земјава и во странство.



**Самостојни изложби:**

1998 Музеј на град Кавадарци, Македонија
2001 Дом на АРМ, Скопје, Македонија
2002 Галерија Дизелдорф, Германија
2006 Национална галерија на Македонија, изложбен простор Чифте амам
2008 Национална галерија на Македонија, Мала станица

**Individual exhibitions:**

1998 Museum of the City of Kavadarci, Macedonia
2001 Dom na ARM, Skopje, Macedonia
2002 Gallery Dusseldorf, Germany
2006 National Gallery of Macedonia, Cifte amam
2008 National Gallery of Macedonia, Mala Stanica

**Групни изложби:**

2000 Музеј на град Кавадарци, Македонија
2001 Музеј на град Катерини, Грција
2002 Галерија Ко-Ра, Скопје, Македонија
2004 Дом на културата, Кавадарци, Македонија
2005 Галерија Ко-Ра, Скопје, Македонија

**Group exhibitions:**

2000 Museum of the City of Kavadarci, Macedonia
2001 Museum of the City of Katerini, Greece
2002 Gallery Ko-Ra, Skopje, Macedonia
2004 Dom na Kulturata, Kavadarci, Macedonia
2005 Gallery Ko-Ra, Skopje, Macedonia

Divna Pesic was born on September 22, 1979 in Kavadarci, Republic of Macedonia.

She has graduated at the Faculty of Philology in Skopje, and currently she is post-graduate student at the Faculty of Economy at FON- First Private University in Republic of Macedonia. She is employed in International NIK AD-center for digital archiving and information distribution as Account Manager. She is also a PR of the men's basketball team "Feni Industry" from Kavadarci, which has won the cup championship and the championship of Macedonia for 2008.

Divna Pesic is professional athlete and for twenty years now she has been training shooting. She is Balkan's champion and the best shooter with small–bore riffle and air riffle in Republic of Macedonia, and she has won 36 national records in man and women competition. Divna Pesic has participated in the Olympic Games twice, once in Sydney, Australia (2000), and the second time in Athens, Greece (2004). She has achieved high results in the European and World competitions.

Divna Pesic started painting, oil on canvas (oil painting) technique, at the age of 13 and so far has realized many exhibitions in the country and abroad.

**Национална галерија на Македонија**
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Факс: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk
октомври, 2008

**National Gallery of Macedonia**
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Fax: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk
October, 2008

Издавач: Национална галерија на Македонија, Скопје
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Текст: Маја Крстевска
Превод на англиски: Интернационал НИК АД
Фотографии: Кире Галевски, Роберт Спасовски
Дизајн: Дивна Пешиќ, Борис Шемов
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Аркус, Скопје
Тираж: 1000

Published by the National Gallery of Macedonia, Skopje
For the Publisher: Maja Krstevska, director
Text: Maja Krstevska
English translation: International NIK AD
Photographs: Kire Galevski, Robert Spasovski
Design: Divna Pesic, Boris Semov
Proofreading: Mihail Loparski
Printed by: Arcuss, Skopje
1000 copies

Поддржано од / Supported by :